СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ

Службен гласник на општина Конче Бр.14/2020	***КОНЧЕ 30.12.2020 ГОДИНА***	**Излегуба по потреба**
e-mail:opstina.konce@t.mk	с/ка 735014073863019	Д.Б. 4023005118934

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите донесени на 53-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 30.12.2020 година

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 53-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 30.12.2020 година.

1. Буџет на општина Конче за 2021 година;
2. Одлука за усвојување на Буџет на општина Конче за 2021 година;
3. Одлука за извршување на Буџетот на ЕЛС-општина Конче за 2021 г.
4. Буџетски календар за 2021 г;
5. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2021 година;
6. Оперативен план на општина Конче за заштита од снежни намети за 2020-2021 година;
7. Заклучок за усвојување на Извештај за изградба на дел од канализационен систем во с. Горни Липовиќ од ЈПКД Лакавица- општина Конче број 03-309/1 од 28.12.2020 година;
8. Одлука за одобрување набавка на новогодишни пакетчиња по повод новогодишните празници за деца од сите населени места во општина Конче од 0-5 години;
9. Одлука за давање согласност за зголемен или намален број на деца по воспитни групи во ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ“ с.Конче;
10. Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈЗУ Здравен Дом-Струмица;
11. Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница -Штип
12. Одлука за одобрување на финансиски средства на Билјана Димчевска од Битола;
13. Одлука за одобрување на финансиски средства на манастирот Св.*Петка* и Црквата *Св.Спас * од с. Габревци, Конче;
14. Одлука за одобрување на финансиски средства на за комплетирање на опремата ФА Цветови- Дедино;
15. Одлука за одобрување на финансиски средства на Тања Ристова етнолог од Радовиш за доплата на вкупниот износ за печатење на книга „ Свадбените обичаи во Дедино“

Број 09-1591/18
Дата 30.12.2020
Конче

Општина Конче
Градоначалник,
Благој Илиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 11 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Конче ("Службен гласник на Општина Конче бр. 4/2006), Советот на општина Конче на 53-та редовна седница одржана на ден 30.12.2020 година донесе

ОДЛУКА
За усвојување на Буџетот на општина Конче за 2021 година

Член 1
Се усвојува Буџетот на општина Конче за 2021 година.

	Предходен Буџет	Буџет
-вкупно приходи	121.127.945 денари	121.225.637 денари
-вкупно расходи	121.127.945 денари	121.225.637 денари

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1591/4
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 192/15, 209/18 и 244/19) и член 11 став 1 точка 4 од Статутот на Општината Конче, Советот на Општината Конче на 53-та (пеесет и третата) редовна седницата одржана на 30.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општината Конче за 2021 година

Член 1

Буџетот на Општината Конче за 2021 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:.Основен буџет, Буџет на самофинасирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалник ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации и буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на

средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи:

- на избраните и именуваните лица – Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,7 за општина Конче, а вредноста на коефициентот за плата се утврдува согласно законските прописи. Вредноста на (еден) коефициентот за платата на избрани и именувани лица во Републиката, изнесува 26.755,00 денари.
- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.
- за вработените кои немаат статус на државни службеници бруто плата се утврдува согласно Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2021 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на наменската сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),
- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни до крајот на месецот до Општината да доставаат барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци (копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати) за месецот за кој се однесува платата.
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет истите се должни да доставаат известување од Градоначаоникот за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од Буџет на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

Член 12

На членовите на Совет на Општината Конче им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општината Конче се утврдува во процентуален износ и изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општината Конче за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот им се исплатуваат надоместоците на патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на вработените во општинска администрација.

На надворешните членови на работните тела на Советот, за присуство на седниците на работното тело им припаѓа надоместок во износ од 500,00 денари.

Член 13

Исплата на име надоместок за годишен одмор за вработените во општинската администрација ќе се врши на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

Член 14

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница. За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 2 од овој член.

За службените патувања во странство дневницата се исплатува согласно Уредба за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

Член 16

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија и се планира во Буџетот на општината.

За вработените во општинска администрација надоместок ќе се исплатува од Програма Е0 Општинска администрација и програма ЊО –Противпожарна заштита а за вработените во локалните јавни установи од програми: Н1- Основно образование, Н2-Средно образование и В1- Детски градинки и тоа од ставка 464940 трансфери при пензионирање.

Член 17

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50,000 денари одлучува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 19

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 20

Вработувањата во општинската администрација се врши согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџет на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација,

Локалните јавни установи од областа на култура, образование и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерство за финансии врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребите од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

Член 21

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Буџетот на Општината Конче се извршува од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Конче", а ќе се применува од 01 Јануари 2021 година.

Број 08-1591/5
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точла 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр 5/02) и член 11 став 1 точка 4 од Статутот на на општина Конче а согласно член 27 точка 4 и 5 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (" Сл.Весник на РМ" бр. 61/04, 96/04,67/07, 156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18 и 244/19), Советот на општина Конче на 53-та седница одржана на ден 30.12.2020 година, донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
ЗА 2021 ГОДИНА

Со Буџетскиот календар за 2021 година се определуваат роковите, активности и одговорноста во донесувањето на Буџетот на општина Конче како што следува:

Рок до	Буџетски активности- одговорност
Септември	Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници
15 Октомври	Министерот за финансии доставува Буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог буџетите за наредната година
Октомври	Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции
Октомври	Одделот за Буџет врши преговарање и анализирње на доставените предлог пресметки и ги одредува приоритетите и одрдбите за новиот Нацрт буџет
31 Октомври	Одделението за финансиски прашање го изготвува нацрт Буџетот за наредната година. Градоначалникот го разгледува и одобрува
15 Ноември	Нацрт Буџетот го разгледува комисијата за финансирање и буџет и се доставува на разгледување на Советот
Ноември	а) Нацрт буџетот се доставува до Советот на општината б) Се објавува содржината на Нацрт буџетот и се дава достапност до јавноста в) се одржуваат јавни расправи
Декември	Одделение за финансиски прашања изготвува Предлог буџет на општината и градоначалникот го доставува до Советот на општината.
Крај на Декември	Предлог- Буџетот го разгледува комисијата за финансирање и буџет Седница на Советот на Општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година
Јануари	Започнува новата Буџетска година

Буџетскиот календар влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општината.

Број 08-1591/6
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и 275/19) и член 11 став 1 точка 43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче, на 53-та редовна седница одржана на ден 30.12.2020 година, донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2021 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Конче“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2021 година.

Број 08-1591/7
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Vo smisla na ~len 34 stav 1 to~ka 3 od Zakonot za za{tita i spasuvawe ("Sl.vesnik na RM" br.93/12 god), Sovetot na op{tina Конче na sednicata odr`ana na den 30.12.2020 godina , donese

OPERATIVEN PLAN

NA OP[TINA КОНЧЕ-ЗА ЗАШТИТА ОД СНЕЖНИ НАМЕТИ ЗА 2020-2021 ГОД.

Odelenie za Urbaniza , Komunalni dejnosti ,Soobra}aj i za{tita na `ivotna sredina.

КОНЧЕ ДЕКЕМВРИ 2020

Изработил:
Референт за Комунални дејности
Дончо Тушев

С О Д Р Ж И Н А

НА ОПЕАТИВНИОТ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ-снег,снежни намети,лавини,поледици (голомразици), наноси од земја и лизгање на земјиште.

ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

1.Општи географски-топографски карактеристики на подрачјето.

2.Проценка на степенот на загрозеноста од природни непогоди- снег, снежни намети,лавина ,поледици(голомразица),наноси од земја и лизганње на земјиште.

3.Број на жители во општината,по населени места.

4.Карта на општината.

5.Преветнивни мерки и активности за ЗС.

6.Оперативни мерки и активности за ЗС.

7.Преглед на сили (републички,просторни) за ЗС

8.Преглед на расположливи моторни возила и механизација.

9.Постапка за мобилизација и ангажирање на силите, и механизацијата, за расчистување на теренот(по населени места).

10.Оперативна карта на општината и населените места со обележени критични места во услови на снег ,снежни намети, лавини,поледици,наноси од земја и лигање на земјиште.

11.Договори со правни субјекти за одржување на улици и локални патишта во зимски услови во сезона 2020-2021 год.

12.Постапка ,организација и начинна згрижување на загрозени и настрадани граѓани (сместување и исхрана)
13.Преглед на телефонски броеви заради кординација на субјактите.

1.Op{ti географски-топографски karakteristiki на посдрачјето.

Op{tinata zafa}a povr{ina од 225 km2 и сместена е помеѓу Планината Смрдешник и Серта, една од поголемите реки е реката Крива Лакавица која се влева во вештачката акумулација брана Мантово, други вештачки акумулации се Конче1 и Конче 3 .

Op{tina Kon~e proizleze od opштina Radovi{ so koja e povrzana со Регионален пат Р-606 преку овој пат се поврзува со другите центри : Струмица, Штип, Скопје.

Site naseleni mesta vo op{tinata se povrzani so lokalni pati{ta. Dol`inata na lokalnata patna mre`a vo op{tinata iznesuva 25 km, od koi asfaltirani se 18 km, a 7 km se zemjeni pati{ta.

Za ova podnebje e karakteristi~na umereno-kontinentalnata klima, koja se odlikuva so dolgi i topli leta со изразити максимуни на температурата до + 42 степени i долги и студени zimi со изразити максимуни до -20 степени.

Vo op{tina Конче zimata e mnogу studena i trae dolgo, со што се стварат услови за задржување на снегот по патиштата и од појава на голомразица.

Ваквите vrne`i od sneg mo`at da go ote`nat soobra}ajot na Рагионалниот пат Р-606 и lokalnite pati{ta со кој се поврзуваат населените места во општината.

Sne`nite vrne`i vo na{ata op{tina se големи , so подолготрајно zadr`uvawe i so просечна debelina od 25-35sm.

Vo tekot na godinata mo`at da padnat 4-5 pati sne`ni nameti so debelina nad 35 sm., pri {to doa|a do ote`nato odvivawe na soobra}ajot po lokalnite pati{ta i ulici niz naselenite mesta.

^estite vetrovi vo zimskiot period pravat nanosi na del od lokalnite pati{ta (naj~esto na krivinite), koe ne{to u{te pove}e go ote`nuva odvivaweto na soobra}ajot.

Odroni na pati{tata se доста честа појава посебно на регионалниот пат Р-606, ima nanosi od pesok i kal, posebno pri obilni vrne`i od do`d.

2.Broj na `iteli vo op{tinata i po naseleni mesta.

Sedi{teto na op{tinata e vo naselenoto mesto Kon~e vo koe `iveat 921 `itelи од кој 51% се од турката националност, бројот на жители во останатите населени места е следниот .

- Деино =774
- Ракитец =560
- Д. Липовик =467
- Лубница =364
- Габревци =366
- Гарван =23
- Скоруша =28
- Загорци =12
- Г.Липовик=150

Три населени места се неаактивни т.е. не населени тоа се населените места: Негерновци, д. Радеш. Д. и Г .Враштица . во овие населени места има викендици и манастири кој се посетуваат само во летниот период I vikend naselba pokraj ezero Mantovo.

3.Preventivni merki

Vo izminatite godini se slu~uva{e odredeni patni pravci da bidat podmrznati i soobra}ajot da se odviva ote`nato, ili voop{to da ne mo`e da se odviva.

So cel da se namalat opasnostite od vrne`i od sneg i pojava na golomrazica, pred zapo~nuvawe na zimskiot period se vr{i:

- ~istewe na lokalnite pati{ta od obrasnati grmu{ki i treva;
- ~istewe na bankinite od zemja i pesok;
- snabduvawe na JКП"Лакавица" so potrebni koli~ini na pesok i sol, za posipuvawe na lokalnite pati{ta i ulici vo nas. mesta vo op{tinata.
- osposobuvawe na ekipa za brzi intervencii na teren(ras~istuvawe na sneg i posipuvawe so pesok i sol na lokalnite pati{ta na teritorijata na op{tina Kon~e)
- obezbeduvawe na mehanizacija za ras~istuvawe na lokalnite pati{ta i ulici vo nas. mesta vo op{tinata.
- Slедewe na vremenskata prognoza.
- Izvestuvawe na gra|anite za vremenskata prognoza .
- Razgovor so gra|anite vo vrska so snabdenosta so osnovnite produkti (maslo za domakinstvata, bra{no i dr).
- Razgovor so sto~arite za snabdenosta so sto~na hrana.
- Razgovor so kolonijalnite prodavnici vo vrska so snabdebnosta so osnovnite produkti.

Site ovie preventivni merki se prevzemat posbno vo naselenite mesta g. Lipovik,Garvan,Zagorci, i Skoru{a se so cel za prevzemawe na operativni merki vo slu~aj na pogolemi navevi od sneg,golomrazici i odronuvawe na zemji{e na kriti~nite mesta koj se poso~eni vo kartata na op{tinata.

4.КАРТА НА ОПШТИНАТА

Картата на општината е прикажана само со границите на општината без ризичните места, а додека ризичните места се следните:Р-606 Радовиш - Конче кој спаѓа во категорија 3 за одржување е во надлежност на МП , ризични места на Р-606 Радовиш-Конче се : МВ Осојот и МВ Бадамарот на кој места доага да голомразици и може да дојде до одронување на земјиште и спречување на нормално одвивање на сообраќајот, за споманатите ризични места редовно се известуваат Македонија Пат. Ризично место на локален пат Д.Липовик- Г. Липовик е на излезот од с.Д.Липовик према г.Липовик , на МВ Скокот На влезот од с. Г. Липовик, Влез на с.Ракитец на МВ Каурски Гробишта,На влезот на с. Габревци. За сите ризични места кој се на локалните патишта во општината известено е ЈКП- Лакавица кое со Одлуката за комунален ред ,програмата за зимско одржување и догововорите кој се склучуваат за време траење од една година се задолжува за одржување на истите.

5.Оперативни мерки

Na teritorijata na op{tina Конче postoi i aktivno raboti ЈКП "Лакавица".

So Odlukata za komunalen red,и програмата за зимско одржување donesena od Sovetot na op{tinata, ЈКП "Лакавица" ima obvrska za odr`uvawe na lokalnite pati{ta i ulici ({to podrazbira i zimsko odr`uvawe).

Pretprijatieto ima 14- vraboteni . Od mehanizacija raspolaga so една кола Лада нива, nekolku kosa~ki, ra~ni koli~ki, lopati, kopa~i i sli~no Трактор (Ландини) со 85 кс кој е опремен со нож за чистење на снег и циклон за расфрлање на сол, Трактрор DEUTZ-FAHR со 80 којнски сили опремен со нож за Чистење на снегот, со набавката на машина СКИП 66 кс се створени подобри **услови за расчистување на снежните навевеи во зимскиот период** .

Bidejki spomenatata mehanizacija i ~ove~ki resursi ne se dovolni za da gi zadovolat potrebite od ras~istuvawe na lokalnite pati{ta i ulici pri eventualni vrne`i od sneg, potrebno e pretprijatieto navreme, po donesuvawe na Programata za zimsko odr`uvawe od strana na Sovetot na op{tinata (najdocna

do mesec noemvri), da sklu~i Dogovor za zimsko odr`uvawe so pravno lice koe raspolaga so soodvetna mehanizacija i ~ove~ki resursi da odgovori na potrebite za anga`irawe i navremeno ras~istuvawe na lokalnite pati{ta i ulici.

Vo slu~aj na poobemni vrne`i od sneg i pojava na dolgotrajni golomrazici, od strana na op{tinata }e se formira Koordinativno telo za otstranuvawe na posledicite, vo koe }e bidat vklu~eni pravni lica od op{tinata koi raspolagaat so soodvetna mehanizacija , a }e se vklu~i i lokalnoto naselenie.

So Koordinativnoto telo }e rakovodi Gradona~alnikot na op{tinata. Во табелата од програмата за зимско одржување на советот на општина Конче се опишани приоритетите на локалните патишта за чистење од снег и голомразици

6..Просторни сили за ЗС.

-ЕЛС Конче
-МС за цивилна заштита.
-ЈКП-Лакавица-Конче
-ДПТТУ- ЛИПАЦ-Д. Липовик.
-МЗ Од општина Конче.
-Доброволно противпожарно друштво Gorici Operativa-Конче.

7.Постапка , организација за згрижување на населението и исхрана при поголеми врнежи од снег.

На територијата на општина Конче може да се каже дека во секое населено место би имало потреба за сместување на грагани и нивна искрана по 2-3 семејства од секое населено место , воглавно тоа се луѓе социјалнни случаеви на кој и стмбените објекти во кој се сместени во зимниот период при поголеми врнежи од снег може да дојде до срушување на нивните објекти. Објекти во кој ќе се сместуваат овие лица има во секое населено место : Во с. Ракитец објект на МЗ. „Културен дом“ Пункт на здравен дом Радовиш концесионер Интермедика Во с.Г.Липовик во основно училиште, во с.д. Липовик во објект на МЗ. Во Дедино во објект на МЗ, во Габревци во објект на основно училиште. Во Конче во објект на МЗ. И во Лубница во објект на МЗ. На овие луге додека се сместине во овие објекти ке ни се организира и исхрана со средства од Буџетот на општина Конче во кој за социјални случаи се планирани 250.000 денари.

8. Преглед на телефонски броеви, заради кординација и соработка на субјектите

Ред бр.	Субјект	Раководител	Контакт Телефон
1.	МЗ Јован Занев - Горни Липовик	Јане Коцев	071558-376
2.	МЗ Црвена Застава-Лубница	Димчо Димов	070-930-242
3.	МЗ Горица Ракитец	Златко Јанкулуов	077-990-101
4.	МЗ Лубин Ацков-Габревци	Ристов	071253-710?
5.	МЗ Бела Река Д. Лповик	Васко Трајков	070531-810?
6.	МЗ Смрдешник Дедино	Станоја Ристов	032-647-121
7.	ЈКП Лакавица Конче	Влатко Илов	032-649-550 075-496-018
8.	Општина Конче	Дончо Тушев	032-630 325 075-496-013
9.	Дптту-Липац С.Д.Липовик	Блажо Коцев	
10	Претседател на Совет	Исмаил Куртов	075-496-020 070-319-410
11	Преставник на МЗ-Скоруша, Загорци,Гарван	Геро Михов	070522-605

9.Vleguvawe vo sila na Operativniot plan na op{tina Конче

Operativniot plan na op{tina Конче za utvrduvawe na obvrskite na ЈКП "Лакавица" za prevzemawe na preventivni merki i aktivnosti za otstranuvawe na posledicite od mo`nite prirodni nepogodi ili drugi nesre}i vo zimski uslovi, vleguva vo sila 8 (osmiot ) den od denot na objavuvaweto vo Slu`ben glasnik na op{tina Конче.

Број 08-1591/8
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.9 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.31 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештај за изградба на дел од канализационен систем во с. Горни Липовиќ од ЈПКД Лакавица- општина Конче број 03-309/1 од 28.12.2020 година

1. Се **УСВОЈУВА** Извештајот за изградба на дел од канализационен систем во с. Горни Липовиќ од ЈПКД Лакавица- општина Конче број 03-309/1 од 28.12.2020 година со предмер пресметка.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1591/9
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување набавка на новогодишни пакетчиња
по повод новогодишните празници за деца од сите населени места
во општина Конче од 0-5 години

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува набавка на новогодишни пакетчиња во вкупна вредност до 30.000 денари за децата од 0-5 години од сите населени места во општина Конче.

Членовите на Советот го утврдија бројот на деца од секое населено место кои влегуваат во групата наведена во ставот 1 на овој член кој изнесува 174, а пакетчињата да се набаваат од продавниците од сите населени места во вредност од по 150 денари за едно пакетче .

Исплатата ќе се врши по доставени фактури од правните лица од кои ќе бидат набавени новогодишни пакетчиња.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/10

Совет на општина Конче

Дата 30.12.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), чл. 36. ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02)

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 година донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за зголемен или намален број на деца по воспитни групи во ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ“ с.Конче

Член 1

Со оваа Одлука по барање од ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ“ с.Конче бр. 03-196/1 од 29.12.2020 година се дава согласност за зголемен или намален број на деца по воспитни групи предвидени во член 64 ставовите 2 и 3 од Законот за заштита на децата во ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ“ с.Конче согласно потребите на децата и родителите .

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Конче“.

Број 08-1591/11 Совет на општина Конче
Дата 30.12.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на ЈЗУ Здравен Дом-Струмица

Член 1

По Барање бр. 03-1442/1 од 17.11.2020 г. од ЈЗУ Здравен Дом-Струмица се одобруваат парични средства во висина од 20.000,00 денари нето или со вкучен ДДВ 23.600,00 денари за набавка на медицински заштитни скафандери заради справување со пандемијата од КОВИД-19.

Средства да се исплатат на До-На ДОО-Штип по фактура бр.46/20 на жиро сметка [redacted]-Комерцијална Банка .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/12
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на
ЈЗУ Клиничка Болница -Штип

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 20.000,00 денари нето за набавка на медицински заштитни опреми заради справување со пандемијата од КОВИД-19 на ЈЗУ Клиничка Болница -Штип .

Средства да се исплатат на правното лице од кое ќе биде набавена опремата по доставена фактура во износот определен во став 1 од овој член.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/13
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на
Билјана Димчевска од Битола

Член 1

По Барање бр. 08-1622/1 од 28.12.2020 г. од Билјана Димчевска од Битола со [redacted] се одобруваат парични средства во висина од 30.000 денари нето, за покривање на дел од трошоците за лекување на сопругот Петар Димчевски кој во тешка животозагрозувачка состојба од Битолската инфективна болница бил пренесен во Приватна клиника Аџибадем Систина во Скопје каде вкупниот износ за лекување изнесува 30.000 евра.

Средства да се исплатат на име Билјана Димчевска од Битола на сметка [redacted]-Стопанска Банка .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/14 Совет на општина Конче
Дата 30.12.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седница одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

О Д Л У К А

за одобрување финансиски средства на манастирот Св.*Петка* и Црквата *Св.Спас * од с. Габревци, Конче

Член 1

По Барање бр. 08-1566/1 од 15.12.2020 г. од Веселин Манасиев од с.Габревци за изградба на трем на манастирот Св.*Петка* од с. Габревци, Конче, се одобруваат финансиски средства во висина од 14.000,00 денари нето, за обезбедување градежни материјали .

Средства да се исплатат на сметка на правното лице откако ќе бидат обезбедени материјалите, должни се да доставаат финансиски документи-фактура до општината за извршената набавка во висина на одобрените средства.

Член 2

За потребите на Црквата * Св.Спас *-с.Габревци се одобруваат финансиски средства во висина од 20.000,00 денари нето, за обезбедување градежни материјали.

Средства да се исплатат на сметка на правното лице откако ќе бидат обезбедени материјалите, должни се да доставаат финансиски документи-фактура до општината за извршената набавка во висина на одобрените средства.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/15 Совет на општина Конче
Дата 30.12.2020 Претседател,
Конче Исмаил Куртов, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

О Д Л У К А
За одобрување на финансиски средства за комплетирање на опремата ФА Цветови- Дедино

Член 1

По Барање бр. 03-15 од 15.12.2020 г. од ФА Цветови- Дедино се одобруваат финансиски средства во висина од 15.000,00 денари нето за комплетирање на опремата на Фолклорниот ансамбл.

Средства да се исплатат на ФА Цветови- Дедино на сметка [redacted] Стопанска Банка .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-1591/16
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 30.12.2020 г. донесе:

ОДЛУКА

За одобрување на финансиски средства на Тања Ристова етнолог од Радовиш за доплата на вкупниот износ за печатење на книга „ Свадбените обичаи во Дедино“

1. По барање бр.08-1568/1 од 15.12.2020 година од Тања Ристова етнолог од Радовиш се одобруваат финансиски средства во висина од 9.000,00 денари за доплата на вкупниот износ за печатење на книга „ Свадбените обичаи во Дедино“ .

2. Средствата да се исплатат на Тања Ристова од Радовиш со ЕМБГ [redacted], сметка на бр.[redacted]-Стопанска Банка.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „ Службен гласник на општина Конче’ .

Број 08-1591/17
Дата 30.12.2020
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Исмаил Куртов, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Буџет на општина Конче за 2021 година;
2. Одлука за усвојување на Буџет на општина Конче за 2021 година;
3. Одлука за извршување на Буџетот на ЕЛС-општина Конче за 2021 г.
4. Буџетски календар за 2021 г;
5. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2021 година;
6. Оперативен план на општина Конче за заштита од снежни намети за 2020-2021 година;
7. Заклучок за усвојување на Извештај за изградба на дел од канализационен систем во с. Горни Липовиќ од ЈПКД Лакавица-општина Конче број 03-309/1 од 28.12.2020 година;
8. Одлука за одобрување набавка на новогодишни пакетчиња по повод новогодишните празници за деца од сите населени места во општина Конче од 0-5 години;
9. Одлука за давање согласност за зголемен или намален број на деца по воспитни групи во ЈОУДГ „12-ТИ ЈУЛИ“ с.Конче;
10. Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈЗУ Здравен Дом-Струмица;

11. Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈЗУ Клиничка Болница -Штип
12. Одлука за одобрување на финансиски средства на Билјана Димчевска од Битола;
13. Одлука за одобрување на финансиски средства на манастирот Св.*Петка* и Црквата *Св.Спас * од с. Габревци, Конче;
14. Одлука за одобрување на финансиски средства на за комплетирање на опремата ФА Цветови- Дедино;
15. Одлука за одобрување на финансиски средства на Тања Ристова етнолог од Радовиш за доплата на вкупниот износ за печатење на книга „ Свадбените обичаи во Дедино“.

„Службен гласник
на општина Конче“